**20203134290**

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 5 став 1 од Законот за Царинската тарифа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/03, 69/04, 10/08, 160/08, 35/10, 11/12, 93/13, 44/15, 81/15, 192/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 29 декември 2020 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ И МЕНУВАЊЕ НА ЦАРИНСКАТА ТАРИФА ЗА 2021 ГОДИНА (*)

Член 1

Во Одлуката за усогласување и менување на Царинската тарифа за 2021 година (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 282/20) во членот 1 во Царинската тарифа во II. Табела на царински давачки Оддел VI Глава 30 во табелата во тарифниот број 3002 тарифниот став со тарифна ознака 3002 20 00 00 се брише и се додава нов тарифен подброј 3002 20 и два нови тарифни ставови со тарифни ознаки 3002 20 10 00 и 3002 20 90 00, кои гласат:

„

| Тар. ознака | Наименување | Цар.дав.% | Ед.мер. |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| 3002 20 | - Вакцини за хумана медицина: | | |
| □3002 20 10 00 | -- Вакцини против коронавируси поврзани со SARS (SARS CoV видови) | сл | p/st |
| □3002 20 90 00 | -- Други | сл | Kg |

“.

Во Одделот XI Глава 63 во табелата во тарифниот број 6307, тарифниот став со тарифна ознака 6307 90 93 00 се менува и гласи:

„

| Тар. ознака | Наименување | Цар.дав.% | Ед.мер. |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| □6307 90 93 00 | ----- Маски за лице со филтер (FFP) согласно стандард EN149; други маски што се во согласност со слични стандарди за маски како респираторни заштитни уреди за заштита од честички | 17,5 | p/st |

“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2021 година.

Бр. 44-12816/1
29 декември 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

* Со оваа одлука се врши усогласување со Регулативата (ЕЕС) бр.2159 на ЕУ од 21.12.2020 година, за дополнување на Анекс 1 од Регулативата на Комисијата (ЕЕС) бр.2658/87 на тарифната и статистичката номенклатура и Заедничката царинска тарифа, (CELEX бр. 32020R2159).